## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6245 | 1 | |

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на „Вестите" во 18 и „Вестите" во 22 часот. Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 4 часа 16 минути и 16 секунди.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ Сонце | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Влада на РМ | 00:19:59 | 33,35 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:16:25 | 27,40 | % |
| Граѓански сектор | 00:08:24 | 14,02 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:15 | 8,76 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:14 | 8,73 | % |
| Други субјекти | 00:02:14 | 3,73 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:24 | 4,01 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:59:55** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:46 | 17,89 | % |
| ДИК и други органи | 00:08:52 | 23,45 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:07 | 2,95 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:01:07 | 2,95 | % |
| Левица | 00:01:07 | 2,95 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:07 | 2,95 | % |
| Граѓански сектор | 00:07:54 | 20,89 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:09:49 | 25,96 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:37:49** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 01:01:29 | 38,78 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:52:25 | 33,06 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:14:21 | 9,05 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:07:11 | 4,53 | % |
| Левица | 00:06:52 | 4,33 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:19 | 1,46 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:22 | 0,23 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:10:06 | 6,37 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:27 | 2,18 | % |
| | **Вкупно за тема: 02:38:32** | **100** | **%** |
| | **Вкупно: 04:16:16** | | |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 2 часа 38 минути и 32 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 1 час 1 минута и 29 секунди (38,78%); следува Коалицијата предводена од СДСМ со 52 минути и 25 секунди (33,06%); за Коалицијата ВМРО за Македонија - 10 минути и 6 секунди (6,37%) и за ДУИ има 7 минути и 11 секунди (4,53%). Известувано е за активностите на еден учесник во изборната кампања кој има потврдени листи во 6 изборни единици – Коалиција за промени и правда со 14 минути и 21 секунда (9,05%) и за два учесника во изборната кампања кои имаат по пет потврдени листи со кандидати – за Левица, за која има 6 минути и 52 секунди (4,33%) и за ДПА – 3 минути и 27 секунди (3,27%).

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 37 минути и 49 секунди (Табела 1) каде што беа опфатени следниве теми: „Никола Попоски се сретна со делегацијата на Парламентарното собрание на Совет на Европа, за проценка на изборната кампања"; Изјава на Фросина Ременски во врска со починатите лица во Тетово кои користеле право на туѓа нега од Центарот за социјална помош; Министерката за информатичко општество и администрација Марта Арсовска Томовска на регионална конференција „ИКТ во агробизнисот"; Средба меѓу двете министерства за надворешни работи на Грција и Македонија околу мерките за градење на меѓусебна доверба; Информација од Општина Центар за свикување на итна седница на државните и градски власти по повод загадувањето; Потпишана декларација за борба против насилството врз жените, со изјави од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и Мат Стефансен од ОН; Соопштение од Министерството за финансии во врска со намалување на јавниот долг; Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство информира за откупот на тутунот; Несогласувањата на Министерството за труд и социјална политика и СОНК во врска со работното време во градинките; МИОА ги информира ОБСЕ/ОДИХР за поддршката против притисоците врз администрацијата; Усвојување на акциски план за соработка за 2017 година на средбата помеѓу шефот на австриската дипломатија Себастијан Курц и министерот за надворешни работи на Република Македонија Никола Попоски; Барање за свикување на итна седница на Владата од страна на дополнителниот заменик министер за финансии Кире Наумов поради одлуката за ново задолжување; Средба на градоначалниците на Тирана, Тетово, Улцин и Прешево за формирање на унија на албански општини во регионот; Посета на СВР Битола од страна на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски; Спроведена е акцијата „денот на дрвото" на 60 локации низ Републиката и др.

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 37 минути и 49 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на амбасадори/меѓународни организации/странски политичари; ДИК и други органи; граѓанскиот сектор и неколку учесници во изборниот процес. Странските субјекти се застапени со 9 минути и 49 секунди преку: предизборната мисија на Парламентарното собрание на Советот на Европа во врска со предизборната кампања и политичката клима; посетата на европратеникот Иво Вајгл и др. на Македонија. ДИК е застапена со 8 минути и 52 секунди во теми кои се поврзани за почетокот на кампањата - бројот на гласачите; известување за ангажирани помошници и странски набљудувачи; закажана седница на ДИК на која ќе се расправа за украдените печати и др. Категоријата граѓански сектор е застапена со 7 минути и 54 секунди, а во нејзе се опфатени пренесените соопштенија или директните обраќања на: Советот за етика во медиумите кој повикува на професионална одговорност во

новинарството за време на изборната кампања; Констатирањето на изборни нерегуларности од страна на МОСТ; и Иницијативата од страна на НВО секторот, односно барањето поддршка од партиите за подобра социјала. Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. е присутна во оваа категорија со 6 минути и 46 секунди преку реакцијата на лидерот на Македонската алијанса Ѓорѓија Џорџ Атанасовски кој ја повика градоначалничката на Тетово, Теута Арифи да објасни што значи формирањето унија на албански општини. Коалицијата СДСМ и др., Коалицијата ВМРО за Македонија, Левица и Коалицијата за промени и правда се присутни во оваа категорија поради емитуваниот прилог од 28 ноември 2016 година, во двете изданија на вестите, кој се однесува на дадената поддршка на барањата на НВО секторот за подобра социјала.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од СДСМ–34 минути и 24 секунди (32,60%) и Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ–32 минути и 46 секунди (31,05%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 10 минути (Табела 2).

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| ТВ Сонце | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:32:46 | 31,05 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:34:24 | 32,60 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:08 | 4,86 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:52 | 0,82 % |
| Левица | 00:02:50 | 2,68 % |
| Влада на РМ | 00:02:20 | 2,21 % |
| Други субјекти | 00:01:06 | 1,04 % |
| Граѓански сектор | 00:09:04 | 8,59 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:48 | 4,55 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:06:18 | 5,97 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:03:18 | 3,13 % |
| Локална самоуправа | 00:01:34 | 1,48 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:04 | 1,01 % |
| | **Вкупно: 01:45:32** | **100 %** |

## *Посебни информативни емисии*

### *Други информативни програми*

*„Гласот на народот"*

На 21 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 26 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот*. Темата беше: Дали овие избори ќе стават точка за крај на овој ќорсокак? Гостин беше Сотир Костов, експерт за изборни кампањи. Репризното издание беше емитувано на 22 ноември 2016 година.

На 23 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 24 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот* во која гости беа аналитичарите Александар Станковски и Благојче Атанасовски. Темата се престојните избори. Се коментираат изјавите на лидерот на СДСМ околу

федерализацијата на Република Македонија. Репризните изданија на емисијата беа емитувани на 24, 25, 27 и 28 ноември 2016 година.

На 28 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 20 минути, емитувано е премиерно издание на емисијата *Гласот на народот*. Разработена беше темата „Зошто и кому му е во интерес Македонија да стане Косово 2 односно федерализација на Македонија." Гостин беше претседателот на ВМРО - ДП, Владимир Голубовски. Репризното издание беше емитувано на 29 ноември 2016 година.

На 30 ноември 2016 година, со почеток во 20 часот и 20 минути, премиерното издание на емисијата *Гласот на народот* повторно ја разработуваше темата: „унитарност или федерализација на Македонија", овојпат анализирана од страна на гостите: Виолета Ачковска, професор и историчар и аналитичарот и пратенички кандидат на ВМРО ДПМНЕ, Крсте Ивановски. Водителот информираше дека СДСМ не пројавиле интерес да учествуваат во емисијата.

*„Избор на народот"*

На 24 ноември 2016 година, со почеток во 21 часот, се емитуваше премиерно издание на емисијата *Избор на народот*. Гостин беше претседателот на ТМРО Ванчо Шехтански. Темата како што најави водителот беше поврзана со почетокот на изборната кампања и ги опфати следниве прашања: Дали е прерана идејата која ја промовира СДСМ за граѓанско општество, федерализација и двојазичност?; Зошто не успеваме како Македонци да бидеме горди на Македонија?; Дали ТМРО како партија не успеа да го постави македонскиот концепт на македонскиот народ?; Колку слабата економија не му дозволува на граѓанинот да размислува бистро?. На 25 ноември 2016 година, се емитуваше репризното издание на емисијата.

***Други програми***

На 21, 22, 23, 26, 28 и 30 ноември 2016 година, се емитуваше емисијата под наслов „*Сведоштво за еден* голем Македонец", посветена на животниот пат и делото на Ѓорѓија Џорџ Атанасовски.

***Сектор за програмски работи***